# ЗАПИСНИК
## од првото продолжение на 46–та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржано на 22.12.2020 година

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски, д-р Методија Јанчески и Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата**: /

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба**: Маја Дамевска, м-р Емилија Јаневска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски го отвори првото продолжение на 46-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 20:30 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Г-дин Петрушевски во врска со дневниот ред за седницата објасни дека има една единствена точка за која што има подготвени материјали и истите беа доставени во текот на вчерашниот ден. Станува збор за точката бр.10 – Предлог за покренување на прекршочна постапка против Телевизија ИРИС од Штип.

Г-дин Трајчевски објасни дека на вчерашната седница раководителката Емилија Јаневска детално го образложила Извештајот од медиумското покривање за време на предвремените парламентарни избори за општините Пласница и Штип. Во конкретниот случај радиодифузерот Телевизија ИРИС од Штип спротивно на членот 75 став 1, а во врска со член 75-а став 1 точка в од Изборниот законик, при известувањето за време на изборната кампања за предвремените избори во Штип не обезбеди избалансирано покривање на изборниот процес во дневно-информативните емисии во согласност со принципот на еднаквост за сите кандидати за градоначалници. Имено, согласно Методологијата, радиодифузерите на регионално ниво кои што ја покриваа изборната кампања во дневно-информативните емисии требаше да известуваат за активностите на сите учесници во кампањата кои имаа поднесено листи, во овој случај во општината Штип, при што на сите кандидати за градоначалници чија што кампања имаат приближно ист интензитет требаше да им се обезбеди приближно еднакво време. Важно е да се нагласи дека не се очекува од радиодифузерите да обезбедат избалансираност во секоја поединечна дневно-информативна емисија, туку во текот на изборната кампања. За да се

сфати суштината на прекршувањето, треба да се има предвид дека на Предвремените избори за градоначалник на Општина Штип имаше 5 кандидати од политички партии и имаше и независен кандидат. Податоците од мониторингот укажуваат дека кандидатите имале различен интензитет на кампањата. Имено, според распределбата на времето за известување кај сите телевизии кај кои беа анализирани вестите покажа дека најмногу време има одвоено за кандидатот за градоначалник на СДСМ Сашо Николов, кое кај некои медиуми го вклучуваа и времето за реакции на изборните теми од СДСМ и одвоеното време за директна поддршка од страна на претставниците на Владата од редовите на оваа партија. Следен по застапеност беше Лазар Наумов, градоначалникот од ТМРО, а за преостанатите тројца претенденти за градоначалник на Штип: Симон Поликарп-Џими од Интегра, независниот кандидат Трајчо Митев и Гоце Ангелов кандидат на коалицијата „Иднината во наши раце“, имаа издвоено помалку време. Оттаму, и кај ТВ ИРИС, се очекуваше да има вакво слично одвоено време за активностите од кампањата на кандидатите за градоначалници на Општина Штип. Понатаму објасни дека во извештајниот период од 21 ноември до 10 декември 2020 година, предмет на анализа беа 14 изданија на Вестите во 20 часот. Од вкупно анализираните 2 часа 49 минути и 24 секунди во централните вести на ТВ ИРИС, за Градоначалничките избори беа одвоени 1 час 5 минути и 49 секунди. За време на изборната кампања, во периодот од 21 ноември до 10 декември 2020 година, ТВ ИРИС во централната дневно-информативна емисија од 20 часот, наместо да известува за активностите на сите учесници во изборната кампања, информираше за активностите само на двајца од вкупно пет учесници, со што ѝ ја ускрати на публиката можноста да се запознае со целовитоста на изборната понуда, односно понудата на сите учесници во изборната кампања. Притоа, наместо за градоначалничките кандидати со сличен интензитет на кампањата, да издвои приближно исто време, во вестите известуваше со различен обем. Имено, најзастапен беше кандидатот на СДСМ Сашко Николов со 39 минути и 34 секунди, што е повеќе од половина од вкупното време одвоено за известување на Градоначалничките избори 2020. За разлика од доминантната застапеност на кандидатот за градоначалник од СДСМ, за другиот кандидат за којшто извести во вестите одвои само 1 минута и 57 секунди, а за останатите тројца кандидати воопшто не известуваше. Оттаму рече дека се предлага кај овој радиодифзуер, заради неизбалансираност во известувањето за време на изборната кампања, да се покрене прекршочна постапка, а исто така треба да се напомене дека кога кон ова време ќе се додаде и времето во кое што претставниците на Владата даваа поддршка за кандидатот на СДСМ, и тоа време е 8 минути и 11 секунди, преку разни прилози, се доаѓа до заклучок дека огромен или најголем дел, да не речеме целосното време што беше одвоено во дневно-информативните емисии беше отстапено само на еден кандидат. На крајот од образложението рече доколку членовите на Советот имаат дополнителни прашања на нив подетално ќе одговори раководителката Јаневска.

Г-дин Петрушевски се заблагодари за деталниот опис на самиот предлог којшто отприлика изнесува една страна со прилог извештај од 6 страни. Посочи дека дел од ова што директорот го објаснил го имаше и на вчерашната точка од Извештајот од мониторингот на изборното медиумско претставување на Предвремените избори за градоначалник на Општина Пласница и Општина Штип 2020 година. Отвори дискусија. Бидејќи никој не се јави за збор, рече дека тој има некои свои видувања. Јасно е според

бројките дека во централно дневно-информативната емисија на ТВ ИРИС во изборниот период премногу време е доделено на кандидатот на СДСМ Сашко Николов, тој дури добил и 50% повеќе од вкупното време посветено на овие настани, додека вториот кандидат, за кој воопшто известувала телевизијата, имал само еден прилог од 1 минута и 57 секунди. Посочи дека овие бројки како бројки се доволни без да се оценува квалитетот дали имало пристрасност во оценувањето или немало. И претходно Советот носел мерки дека не е постигнато балансирано известување. И она што е полошо за медиумот е што другите телевизии што известувале го има тоа во централниот извештај, немаат толку големо внимание, толку голема разлика во однос на овој кандидат, Сашко Николов. Втората неповолност е што медиумот дополнително освен ова, има активности на претставници на Владата, во функции на кампањата за локални избори, што е остро критикувано на сите претходни парламентарни или локални избори, и навистина не му е јасно зошто кога се знаеше дека нема озбилен противкандидат, зошто имало потреба вакви грешки да се прават. Во врска со вториот дел за претставниците на Владата, рече дека Советот и Агенцијата немаат надлежност нив да ги оценуваат, имаат само за медиумот, и се запраша дали воопшто има некој надлежност, дали ДИК или некој друг. Во однос на медиумот јасно е дека посветил најголемо внимание, и тоа неизбалансирано, на кандидатот Сашко Николов. Тој и вчера кажал, денес повтори, навистина имаше мала заинтересираност во однос на медиумите за овие локални избори, и го објасни со три причини. Прво е, се избираа само два градоначалници во две не многу големи општини од вкупно 81 општина, значи тоа е некој процент не поголем од 3% од вкупниот број на градоначалници. Потоа големата пандемија поради КОВИД 19 вирусот на светско и локално ниво со тешки последици за сите граѓани која го одвлече вниманието на граѓаните, и тоа е една од главните теми во државата и третата е наметнатата криза во однос на нашата држава со јасни повреди на правото на самоопределување на Македонија, како самостојна држава членка и преку поранешна Југославија беше членка која беше основач на ОН, тоа е сосема јасно дека е направено. Исто тоа се однесува на сите граѓани на Македонија, значи без разлика на националноста, сите ние имаме право како сакаме да си ја нарекуваме државата и тоа не може уште да го разбере зошто се попушти на тоа, многу голема жртва се направи. Исто така рече како Македонец по националност се чувствува повреден, а верува и многу други, тоа се негови основни човекови права за избор на сопствената националност. Според него ова се некои причини со кои што може донекаде да се оправда малата заинтересираност на медиумот и можеби на овие грешки. Но рече, сепак Советот мора да постапи, не можат со ова да го оправдаат неизбалансираното известување на медиумот и како Совет согласно наведените членови 75 став 1 и 75-а став 1 точка в од Изборниот законик, имаат должност и обврска ова да го санкционираат. Поради неизбалансираното покривање на изборниот процес се изјасни дека ќе го поддржи предлогот до Советот на Агенцијата, да се покрене прекршочна постапка против ТРД ТВ ИРИС ДОО Штип. Можеби членовите имаат други аргументи, судот секако на крајот ќе одлучи, Советот е само покренувач на оваа прекршочна постапка, ако предлогот помине. Отвори дискусија.

Г-дин Фиданоски рече дека ќе даде едно мало дополнување на дискусија на г-дин Петрушевски, која го инспирирала. Смета дека и откажувањето на условно речено влијателните или повлијателните опозициски партии без да ги навреди останатите

кандидати што беа за Штип, е веројатно една од поглавните причини за можеби послаба заинтересираност. Затоа што извесноста на битката за Штип веќе беше однапред позната. Негова претпоставка е дека и заради тоа имаше и помала заинтересираност за известување за овие локални предвремени или вонредни избори во Штип.

Г-дин Петрушевски рече дека се согласува со г-дин Фиданоски дека ова е една/ четврта причина и затоа не му е јасно зошто имаше потреба толку внимание да се посвети кога победникот се знаеше однапред.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен надзор над изборното медиумско претставување бр. 10-4613/1 од 21.12.2020 година.

Советот едногласно заклучи против Трговското радиодифузно друштво телевизија ИРИС ДОО Штип да се покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд бидејќи спротивно на членот 75 став 1, а во врска со член 75-а став 1 точка в од Изборниот законик, Трговското радиодифузно друштво телевизија ИРИС ДОО Штип, на својот програмски сервис емитуван на регионално ниво, за време на изборната кампања од 21 ноември до 10 декември 2020 година не обезбеди избалансирано покривање на изборниот процес во согласност со принципот на еднавост за сите кандидати за градоначалници.

Секторот за правни работи да го изготви барањето за поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд за наведениот радиодифузер.

**Бр. 02-200/2**
**12.01.2021 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**